11/7

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

# Годишен финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации за 2016 година

Кеј Димитар Влахов бр.21 1000 Скопје



## Содржина

**Годишен финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации за 2016 година** ........ 4

1. ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ........ 5
2. ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ........ 10
3. ПРИЛОЗИ ........ 11

## Годишен финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации за 2016 година

Агенцијата за електронски комуникации тргнувајќи од активностите што ги извршува во рамките на својот делокруг на работа и во рамките на своите надлежности, а во согласност со Законот за електронски комуникации (Службен весник на РМ бр.39/2014, 188/2014 и 44/2015) и прописите донесени врз основа на него, а се со цел истите да се рефлектираат во операционализација на целите на Законот, изврши проценка на расходите по расходни потставки кои се финансираат од приходи остварени од надоместоците предвидени со Законот за електронски комуникации и соодветните подзаконски акти, воедно изврши проценка и на очекуваните приходи.

По извршената пресметка на расходите и приходите за 2016 година Агенцијата за електронски комуникации Ви го доставува Годишниот финанасиски план за 2016 година воедно и образложение за висината на планираните приходи и расходи.

Годишниот финансиски план за 2016 година е изработен согласно член 11 став 5 алинеа 2 од Законот за електронски комуникации во кој се содржани податоци за приходите и расходите (предвидени капитални и оперативни трошоци) детално и по аналитички конта за секоја расходна и приходна категорија со споредбени показатели од 2016 и 2015 година за планираните расходи и приходи.

# 1. ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ

## РАСХОДНА СТАВКА 400 – ПОТРОШЕНИ МАТЕРИЈАЛИ

Во расходната категорија Потрошени материјали вкалкулирани се видови и количини на материјали кои се неопходни за нормално извршување на работните задачи на работниците:

- канцелариски материјали, списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените – домашна литература;
- материјали за АОП - тонери, средства за одржување на хигиена, ситен инвентар, алат;
- горива и масла за возниот парк на АЕК и специјални возила на АЕК;
- материјали за специјална намена ( потрошен материјал за мерна опрема);
- водовод и други комунални такси и услуги;
- материјали за поправка;

со планирана вредност од 4.555.000 денари.

Планираната вредност на расходната категорија Потрошени материјали за 2016 година е за 2.32 % повеќе во однос на планираната вредност во 2015 година.

## РАСХОДНА СТАВКА 401 - ПОТРОШЕНА ЕНЕРГИЈА

Планираниот износ е 5.820.000 денари, во кои се вкалкулирани трошоци за електрична енергија и течни горива за затоплување на Контролно Мерните Центри во Скопје, Битола и Штип.

Планираната вредност на расходната категорија Потрошена енергија за 2016 година е еднаква во однос на планираната вредност во 2015 година.

## РАСХОДНА СТАВКА 402 - ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА

Оваа година не е планиран износ за оваа расходна ставка.

## РАСХОДНА СТАВКА 403 - ДРУГИ УСЛУГИ ( КОМУНАЛНИ УСЛУГИ И КОМУНИКАЦИЈА)

Во Предлог годишниот финансиски план за 2016 година предвидени се трошоци за:

- поправка и сервисирање на возниот парк на АЕК и специјални возила (резервни делови, автогуми);
- поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема, софистицирана електронска опрема, мебел, информатичка опрема и друга опрема;
- трошоци за фиксна телефонија, интернет пристап, трошоци за мобилна телефонија;
- трошоци за пошта;
- услуги за копирање, печатење и издавање;
- други трошоци за комуникации (РФ комуникациски линк меѓу АЕК, дирекција и КМЦ Скопје и КМЦ Битола и далечинска управувана мониторинг станица Битола);

- радиодифузна такса

во вкупна вредност 21.955.056 денари.

Планираната вредност на расходната категорија Други услуги ( комунални услуги и комуникација) за 2016 година е за 11,49 % повеќе во однос на планираната вредност во 2015 година.

## РАСХОДНА СТАВКА 404 - ПРЕВОЗНИ – ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ

Проценетиот износ на оваа расходна категорија во која се вкалкулирани трошоци за регистрација на моторни возила и други превозни услуги изнесува 400.000 денари.
Планираната вредност на расходната категорија Превозни – транспортни услуги за 2016 година е еднаква во однос на планираната вредност во 2015 година.

## РАСХОДНА СТАВКА 405 - ИЗДАТОЦИ ЗА РЕКЛАМА, ПРОПАГАНДА И РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

Проценетиот износ на расходната категорија изнесува 4.230.000 денари, се вкалкулирани трошоци за реклама, пропаганда, репрезентација (за организирани јавни состаноци, за органзирани состаноци со регулаторни тела од областа на електронските комуникации, за организирање на меѓународна регулаторна конференција и др.), прехрамбени продукти и пијалоци и набавка на репрезентативен материјал.
Планираната вредност на расходната категорија Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација за 2016 година е за 30,96% повеќе во однос на планираната вредност во 2015 година.

## РАСХОДНА СТАВКА 408 - НАЕМНИНА

Во оваа расходна категорија се пресметани трошоците за месечни закупнини за локации на територијата на Република Македонија кои кои се земени под закуп за поставување на РФ сензори во вкупен износ од 3.582.870 денари.
Планираната вредност на расходната категорија Наемнина за 2016 година е еднаква во однос на планираната вредност во 2015 година.

## РАСХОДНА СТАВКА 409 - ДРУГИ МАТЕРИЈАЛНИ УСЛУГИ

Планираниот износ на расходната ставка други материјални расходи се однесува за:

- услуги за чистење деловни простории;
- отстранување на фекалии од септичка јама од КМЦ Зајчев Рид;

и изнесува 1.950.000 денари.

Планираната вредност на расходната категорија Други материјални расходи за 2016 година е еднаква во однос на планираната вредност во 2015 година.

## РАСХОДНА СТАВКА 410 – ПРОВИЗИЈА ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ

Планираниот износ на оваа расходна категорија изнесува 1.000.000 денари, а се однесува за провизија за платен промет и банкарска провизија за откуп на девизи.

Планираната вредност на расходната категорија Провизија за платен промет за 2016 година е еднкава во однос на планираната вредност во 2015 година.

## РАСХОДНА СТАВКА 412 – ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

Во оваа расходна категорија се пресметани трошоци за:

- осигурување на моторни возила на АЕК;
- осигурување на имотот на АЕК;

во вкупна вредност 9.450.000 денари.
Планираната вредност на расходната категорија Премии за осигурување за 2016 година е еднаква во однос на планираната вредност во 2015 година.

## РАСХОДНА СТАВКА 413 - ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА И ПАТНИ ТРОШОЦИ

Земајќи ги во предвид активностите што ги извршува Агенцијата во рамките на своите надлежности ( заедно со Контролно Мерните Центри во Скопје , Битола и Штип) и тоа:

- континуирано извршување на контрола и мониторинг на радиофреквенциите;
- инспекциски надзор на давателите на јавни телекомуникациски услуги;
- учеството на вработените и на Комисијата орган на АЕК на семинари, на саеми од областа на телекомуникациите, учество на конференции за радиокомуникации, за телекомуникации во Меѓународната унија за телекомуникации (ITU), учество на симпозиуми на INA, на Генералното собрание на ETSI, на состаноците на IRG/BEREC
- обуки, стручни усовршување на вработените од областите на работењето на АЕК

патните, хотелските и дневните расходи во земјата и странство се проценија во износ од 7.844.540 денари.
Планираната вредност на расходната категорија Дневници за службени патувања и патни трошоци за 2016 година е за 10.00 % повеќе во однос на планираната вредност во 2015 година.

## РАСХОДНА СТАВКА 414 - НАДОМЕСТОЦИ НА ТРОШОЦИ НА РАБОТНИЦИ И ГРАЃАНИ

Во проекцијата на расходната категорија се вкалкулиран е надоместок за работниците за еднократна парична помош – смрт на вработен/член на семејство, тешка болест, несреќа, отпремнина при заминување во пензија во вкупен износ од 1.000.000 денари.
Планираната вредност на расходната категорија Надоместоци на трошоци на работници и граѓани за 2016 година е за 9,09 % помалку во однос на планираната вредност во 2015 година.

## РАСХОДНА СТАВКА 415 - НЕГАТИВНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ

Планираниот износ на оваа расходната категорија изнесува 400.000 денари.
Планираната вредност на расходната категорија Негативни курсни разлики за 2016 година е за 20% помала во однос на планираната вредност во 2015 година.

## РАСХОДНА СТАВКА 416 - ЧЛЕНАРИНИ

Проценетиот износ на оваа расходна категорија изнесува 6.004.500 денари, во која се опфатени трошоците за измирување на редовните годишни обврски за:

- членарини во меѓународните институции (ITU, ETSI, CEPT, IRG/BEREC, Cullen International, CIRT и Меѓународна Стопанска Комора);
- трошоците за членарини кон домашните организации.

Планираната вредност на расходната категорија Членарини за 2016 година е за 20,34 % повеќе во однос на планираната вредност во 2015 година.

## РАСХОДНА СТАВКА 417 - ИНТЕЛЕКТУАЛНИ И ДРУГИ УСЛУГИ

Планираните расходи за интелектуални и други услуги за 2016 година во износ од 46.404.000 денари се должат на следново:

- Надоместоци по основ на нето примања на Претседателот и членовите на Комисијата за електронски комуникации со вкалкулиран персонален данок на доход;
- Правни и други видови на услуги;
- Маркетинг истражување на јавното мислење
- Изработка на промотивна кампања, промотивна кампања;
- За користење на други договорни услуги (ревизија на финансиско работење на АЕК спроведена од независен ревизор избран по пат на јавен тендер - согласно член 26 став 3 од Законот за електронски комуникации, ревизија на сметката за надоместоците за универзална услуга согласно член 39 став 7 од Законот за електронски комуникации, изнајмување на аудиовизуелна опрема и услуги за превод, едниствена точка, Консултантски услуги од аспект на анализа на пазарите за електронски комуникации – ДВБ-Т, проект МАДРИД, паркинг, проектантски услуги, ИСО 9001-2008, клиентски сертификати);
- Обука за стручно усовршување;
- Котизации за семинари и конференции;
- Организација на работилници, јавни состаноци;
- Обезбедување на имот и лица на АЕК;

Планираната вредност на расходната категорија Интелектуални и други услуги за 2016 година е за 56,77 % помалку во однос на планираната вредност во 2015 година.

## РАСХОДНА СТАВКА 418 - ОСТАНАТИ ДРУГИ РАСХОДИ

Во оваа расходна категорија предвидени се трошоци за враќање на средства врз основа на погрешни уплати (уплати од физички лица), објава на огласи, тендери во домашни и меѓународни списанија, дезинфекција, дезинсекција и дератизација, судски такси, нотарски такси, извршител, реална затезна камата во вкупен износ од 2.570.000 денари.

Планираната вредност на расходната категорија Останати други расходи за 2016 година е за 77,35 % помала во однос на планираната вредност во 2015 година.

## РАСХОДНА СТАВКА 430 - ПРЕНЕСЕНИ СРЕДСТВА НА ДРУГИ СУБЈЕКТИ

Планираниот износ на расходната ставка изнесува 0 денари.